ВОВЕД

Оваа книга ја пишувам со цел да ја документирам и овековечам повеќе од еден век традицијата на фотографирањето во Лешок,Тетово и Полог од Македонија.
Во оваа книга се задржувам на лицата од Лешок, кои ги направија првите фотографии во Лешок и Долни Полог во 20-от век. Ги споменувам и новите модерни фотографи на дигитални фотографии на фејсбук генерацијата од Лешок, кои во втората декада од 21 век, масовно фотографираат со своите мобилни телефони мотиви од Лешок и ги објавуваат на модерните електронски медиуми. Јас, ја имам привилегијата да комуницирам со младите, бидејќи знам преку интернет и мобилен телефон со програмите: Скајп, Фејсбук, Месинџер, Вибер и друго, да ги следам и да комуницирам со дигиталната генерација фотографи од Лешок.
За мене модерниот фотограф од Лешок се носи рамо до рамо со модерниот европски и македонски човек и ја сватил магијата на фотографијата и филмот и нивното значење и место во модерниот цивилизиран свет.
Фотографите се новите модерни зографи. Фотографот наместо четките и боите, со кои зографите ги сликаа светците во фреските и иконите во македонските цркви, тие ги земаат фотографските апарати и мобилните телефони и снимаат видеа и дигитални фотографии во секој момент и веднаш ги испраќаат насекаде во светот или ги објавуваавт на Фејсбук и на други електронски портали.
Во оваа книга ги споменувам и за нив напишав и посебни поглавија за три генерации фотографи и снимателі од Лешок и со потекло од Лешок, кои сликале во 20-от век и почетокот на 21-от век. напишав и посебно поглавие, за неколку лица од Лешок, кои во последниве години објавуваат фотогрфаии ва порталот Фејсбук.
Книгава ја припремив и објавувам по повод 100 Години од првите фотографии (1917 - 2017) во мојата фамилија Спироски од Лешок, во кои баба ми Цвета и дедо ми Трпо Онуфриевски се фотографирани на нивната свадба во јули 1917 во Лешок. Повод е секако и Мојот личен јубилеј - 50 Години фотографирање (1967 - 2017).
Во книгата внесувам стари фотографии од мојата фамилија Спироски- Онуфриевски - Лалошои Главинои- Византијци од Лешок, Македонија, потоа стари фотографии од Лешок и Лешочкиот манастир, како и стари фотографии од неколку села од Долни Полог.
Во книгата внесувам многу мои фотографии (лични, семејни и во други прилики), кои сум ги фотографирал во Лешок од 1967 до 2017 година. Бидејќи од здравствени причини се одложи публикувањето на книгава до 2020 година, внесов во книгата фотографии од 1967 година и до денес 2020 година.
Во книгава внесувам многу мои фотографии во црно бела техника, сликани со класичните аналогни фотоапарати, Смена 6, Зенит ТТЛ,Канон, Минолта и други, како и со дигиталните апарати Сони, Канон и други.
Во книгава внесувам мои фотографии, како и стари семејни фотографии кои сум ги објавил во книги, весници, каталози, календари, потоа на Мојот Веб портал:www.spiroski.com.mk, Веб порталот: www.lesok.org.mk, на Фејсбук порталот: Mitko Spiroski i Lesok, Macedonija и други.

Мојата љубов кон Лешок и Шара и прекрсаните природни убавини во сите четири годишни времиња, ги овековечив со десетици илјади фотографии во боја кои ги направив од 2001 до 2020 година. Само мал избор од фотографии внесов во оваа хартиена книга, а многу повеќе внесов во истиот наслов на книга, која ќе биде издадена на ЦД Диск во Електронска форма. Многу мои фотографии внесов во друга книга која носи наслов: Убавините на Лешок во фотографии-Мој Фото албум (Пролет-лето ; Есен- зима), која планирам да ја издадам оваа или наредната 2021 година.

Во мојата 50 годишна фотографска активност имам направено преку пет илјади хартиени-аналогни фотографии и десетици илјади фотографии во дигитална форма, како и филмски снимки од разни настани. Сите ови фотографии и снимки се сопственост на мојата лична архива и ги архивирав во неколку хард дискови, ЦД- Дискови, УСБ- а др.

Во двете книги внесов преку илјада фотографии. Нажалост фотографиите кои беа со голема резолуција и со неколку мега бајти, морав со програмите Адоб Фотошоп, Ирфан Вју и др. програми, да ја намалам резолуцијата на неколку килобајти, при што се намали квалитетот на фотографиите. Сметам дека сепак успеав да ја прикажам прекрасната убавина на Лешок и Шар Планина, во четирите годишни времиња, како и да обезбедам автентичност и документарност на природата, куќите, настаните и лицата од Лешок, кои ги сликав од 1967 до 2017 односно 2020 година.

Во книгава во некои поглавија најзастапени ќе бидат фотографиите, во многу од нив давам доволно објаснувања, но, кај некои фотографии не внесувам текстуални објаснувања, односно самите фотографии ќе зборуваат и објаснуваат. Народот вели: Една фотографија, илјада зборови, а јас имам моја мисла: Една фотографија, една животна приказна. Значи, под некои фотографии внесувам неопходни текстуални податоци и информации на македонски јазик, а кај некои фотографии внесувам текст и на македонски и на англиски јазик или на македонски и на латински јазик.

Голема благодарност на сите лица од Лешок и пријатели на Лешок, кои дадоа придонес за афирмација на фотографијата и на луѓето, настаните, амбиентот и природата на Лешок, Полог и Шар Планина и равноправно натпреварување со Европа и Светот.

Во повеќе мои фотографии внесувам датум на фотографирање (ден, месец и година), а на некои мои фотографии и табели, внесувам и иницијали од моето име и презиме (М. С.)

Оваа книга еден дел е пишувана и на англиски јазик и на секоја страна е внесено сонцето и крстот кои се вечни симболи на Мојата фамилија и род Спироски- Лалошои од Лешок и на Македонскиот народ (стр.650-657-извор: ред. бр.1).

Книгава ја припремив и планирав да ја објавам во 2017 година, по повод 100 Години од првите фамилијарни фотографии на нашето семејство Спироски-Онуфриевски- Лалошои од Лешок и вториот повод беше 50 Години Мое фотографирање. Нажалост поради операција на срцето кај Д-р Жан Митрев и тимот од Клиниката за кардиологија во Скопје, објавувањето се одложи и Господ ми даде можност да ја довршам оваа книга и истата да ја објавам оваа 2020 година.

Лешок, 25 Јуни 2020 Митко Спироски - Лешочки
Св.Онуфриј Велики E-mail: spiroski@t.mk